**ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ КУМАНОВО**

**03-351/2**
**21.10.2025 год.**

ул „Народна револуција“ бр. 43, 1300 Куманово; емаил: brakamildinovci_ku@yahoo.com

Врз основа на член 4 од Законот за заштита на укажувачи(„Сл.весник на РМ“ бр. 196/15), член 2 став 1 од Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јабниот сектор и 113 од Закон за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр 161/19, 229/20, 03/25 и 74/25) Директорот на ООУ „Браќа Миладиновци“–Куманово, на ден 21.10.2025 година, донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1.Работникот **Габријела Ангеловска** распоредена на работно место Секретар се назначува за овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување.

2.Овластеното лице е должно да врши прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување), доставени директно до него од укажувач, поединечно или групно во писмена форма доставени лично или преку посебно поштено сандаче или усно на записник. Овластеното лице може да се контактира на адреса:„Народна револуција“ бр.43 1300 Куманово, телефон 075 251-509 или на е-маил: brakamiladinovci_ku@yahoo.com

3. Лицето овластено за прием на пријави од укажувачи (доставени заради заштитено внатрешно пријавување) е должно:

-да врши прием на пријави доставени директно до него од укажувач заради заштитено внатрешно пријавување.

-да постапува по пријавувањето со почитување на процедурите утврдени со актот за внатрешно пријавување;

-да ги заштитува личните податоци на укажувачите, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој бара да биде анонимен или пријавува доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци;

-да го информира укажувачот кој е познат за превземаните мерки во врска со пријавата без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

5. Решението да се објави на веб страната на ООУ„Браќа Миладиновци“-Куманово и на огласна табла на училиштето.

## Образложение

Согласно член 4 од Законот за заштита на укажувачи(„Сл.весник на РМ“ бр. 196/15), член 2 став 1 од Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јабниот сектор и 113 од Закон за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр 161/19, 229/20, 03/25 и 74/25), директорот е должен да назначи овластено лице за прием на пријави доставени заради внатрешно пријавување од укажувачи. На ден 21.10.2025 година за овластено лице е назначен работникот Габријела Ангеловска распоредена на работно место секретар на училиште со завршен Правен факултет, дипломиран правник.

Врз основа на горенаведеното е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство**: Против оваа одлука може да се поднесе приговор до Училишниот одбор во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

Директор

Јасминка Спасовска

Доставено до:
Габријела Ангеловска________________
Архива